**(Образец согласно член 120 став 1 од Законот за здравствена заштита)**

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 03-991
17.10.2016 година

**Согласно член 120 став 1 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16), СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, објавува**

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за овластени институции за спроведување едукација на пробна работа за дипломирани доктори по стоматологија

Согласно член 120 став 1 од Закон за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 195/15, 17/16, 37/16), Стоматолошката комора на Република Македонија определува здравствени установи кои се овластени за спроведување едукација на пробна работа за дипломирани доктори по стоматологија. Поради спроведување на пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, Стоматолошката комора распишува оглас за овластени институции за спроведување едукација на пробна работа за дипломирани доктори по стоматологија.

Документацијата која заинтересираните установи треба да ја достават како доказ за исполнување на законски утврдените услови за избор на едукатори се:

1. **Пријава (образец кој може да се најде на интернет страницата на Комората);**
2. **Тековна состојба на субјектот не постара од 30 (триесет) дена пред денот на објавување на огласот;**
3. **Копија од Решение за дозвола за работа издадено од Министерството за здравство;**
4. **Листа на доктори по стоматологија со статус на едукатори кои се вработени или ангажирани од страна на здравствената установа.**

Заинтересираните здравствени установи потребната документација заедно со пријавата треба да ја достават во архивата на Стручната служба на Стоматолошка комора на Македонија на адреса **ул. Антон Попов бр. 1-4/5, Кисела Вода, Скопје**, **најдоцна до 16:00 часот на 01.11.2016 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ПОПОВСКИ**